ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 010
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија
До: ПЗУ -------------------------------
Дата: 10.08.2015

21. 08. 2015
12-

**Предмет: Известување по однос на планираните и реализираните цели во web порталот на ФЗОМ**

Почитувани,

Поради доставени приговори и телефонски јавувања до Фондот за здравствено осигурување на Македонија од страна на избраните гинеколози кои не ги внеле навремено податоците за планирани и реализирани цели на web порталот на ФЗОМ, Ве известуваме за следново:

Согласно Договорот за обезбедување и плаќање здравствени услуги во примарна здравствена заштита, избраниот гинеколог потребно е да спроведува превентивни мерки и активности за определени цели на осигурените лица кои го избрале. Избраниот гинеколог планирањето на целите го врши тековно во тромесечието а репланирањето на целите поради промена на возраста и бројот на осигурените лице и нивно внесување на web порталот на ФЗОМ се врши до последниот ден на тромесеќјето. Податоците за иврошени активности и остварени цели избраниот лекар е должен во печатена и електронска форма (преку web порталот на ФЗОМ) да ги достави заедно со фактурата за последниот месец од тромесечието до Фондот, најдоцна до 10-ти по истекот на секое тромесечие.

Согласно горенаведеното Фондот за здравствено осигурување на Македонија повторно ви излегува во пресрет и на крајот на годината по извршената контрола од страна на овластените лица за контрола невнесените податоци за планираните и реализираните цели за вториот квартал ќе ги евидентираат во web порталот по службена должност.

Воедно, Ви посочуваме да се придржувате на роковите кои се дадени согласно договорот, бидејќи во иднина од страна на Фондот нема да се толерираат ваквите пропусти.

Со почит,

**ВД Директор**
д-р Сашо Стефановски

**ВД Директор**
Орхан Рамадани
Orhan Ramadani

Изготвил: д-р Амела Цана



[1] 12-14407/1 [2015]